UDK 902 ISSN 0350-0179

BALCANOSLAVICA

40-44

2015

40-44

BALCANOSLAVICA VOL. 40-44, pag. 1-206, PRILEP, 2015

ПО ТРАГИТЕ НА ПРЕДАНИЕТО „МАНАСТИР СВЕТИ АНДОНИЈА ВО Г. БЕР (ВЕРГА)“ ЗАПИШАНО ОД МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ
фолклорно-хагиолошки паралели[1]

Ели ЛУЧЕСКА
ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп
eli.lucheska@isk.edu.mk

398.2 (=163.3) (049.3)
271.2 - 36 : 929

Апстракт: *Во предложениот труд ќе се обидеме да одговориме на прашањето: Кој е свети Андонија? Истражувањето ќе го развиваме од народното предание на светителот кон канонизираната хагиологија со основна цел да го побудиме интересот во научните кругови за овој, речиси, непознат светител во македонската наука, истовремено укажувајќи и на можноста Македонската православна црква – Охридска архиепископија да го приклучи во македонскиот православен календар. Од не помало значење ќе биде и констатацијата дека личностите кои се прогласени за светители не се заборавени од локалната или националната историја, и тоа не само поради фактот што се почитувани како заштитници туку многу повеќе поради фактот што нивните зачувани мошти постојано ја излеваат чудотворната, исцелителска моќ.*

Клучни зборови: *Андонија, св. Антонија Нови Чудотворец, мошти, Бер/Верија*

Основен белег на животот на христијанските светители е чудотворната моќ, која им е дарувана како симбол на нивната безусловна верност кон Бог, а која најсилно е обзнанета преку чудата што се случуваат над нивните земски остатоци - светите мошти. Исполнети со благодатна и сакрална моќ, светите реликвии заедно со гробот и храмот во којшто се положени, се основниот елемент којшто е поврзан со појавата, негувањето и развојот на култот на светителот[2]. Во оваа смисла, речиси, и да не постои манастир или црква во христијанскиот свет, коишто не поседуваат пооделни делови или честици од телата на божјите избраници. Тие, како дел од општохристијанското, но и народното културно-историско наследство имаат огромно значење за локалните културни и религиски

1 Голема благодарност на проф. д-р Иванка Гергова за изнесените забелешки при презентацијата на трудот на конференцијата „35 години Институт за старословенска култура – Прилеп“, Кратово, 9-11 септември 2015 г.

2 Класични студии поврзани со светите моштi: Hippolyte Delehaye, *Les origines du culte des martyrs* (Bruxelles : Bureaux de la Société des Bollandistes, 1912)., особено осмото поглавје “Developments du culte des martyrs”; Andre Grabar, *Martyrium : Recherches sur le culte des reliques et l'art chrétien antique. I. Architecture* (Paris : college de France, 1946).; Bernhard Kotting, *Die fruhchristliche Reliquienkult un die Bestattung im Kirchengebaude* (Cologne-Opladen : Springer Fachmedien Wiesbaden GMBH, 1965).

заедници како носители, чувари и почитувачи на овие свети реликвии[3]. За тоа сведочи долгата историја на почитување и поклонение, која започнува од 2-от век по Христос. Ваквиот однос и поврзаност со светите мошти, најверојатно, се должи на човековата побожност кон материјалните предмети и остатоци, која може да биде доживеана од поединецот и заедницата како „живо" присуство на светителот и неговата моќ[4], преку два начина: визуелниот контакт - погледот и телесниот контакт – допирот[5]. Во оваа насока, експлицитен пример претставува писмото од 594 г. на папата Грегори Велики, кој напишал дека „телата на апостолите свети Петар и свети Павле сјаеле толку чудесно и восхитувачки во нивните цркви, што човек не може дури ни да се моли без одреден страв". Непосредниот, визуелен контакт со гробовите на апостолите, како и чудотворната моќ која еманирала од нив, папата Грегориј и неговите современици, веројатно, ја доживувале сосема реално, зашто да се биде во близина на погребното место, значело „да се биде во присуство на светителот, што истовремено можело да биде и восхитувачко и застрашувачко искуство"[6].

Ваквиот вид на восхитувачка побожност, изразена преку конкретната, визуелна наклонетост ја среќаваме и кај нашиот најголем собирач на народни умотворби Марко К. Цепенков, во преданието „Манастир Свети Андонија во г. Бер (Верга)". Еве како ја доживеал: „Свети Андонија – треба да знаите оти је целокупен: лицето и рацете жолти му се како некој смил, коа ќе се приближиш до него да го целиваш, убаа миризба излегуат од него, мискојна мирисат, мискојна! Коа ќе му ѝ видиш рацете и лицето, санким сет од вчера како да умрел, толку чисти; само коските и кожата му стоит на снагата"[7].

Овде, логично се поставуваат прашањата: Кој е светителот Андон или Андонија кого М. Цепенков го овековечил во неговото предание? Ако овој светитетел се почитувал во Македонија и имал голем, изграден култ особено во јужните краеви од етничка Македонија, како што говори народното предание, зошто тогаш отсуствува од стручната и научната литература, но и од редот на прославените светители на македонскиот православен календар?

Охрабрени од хипотезата дека народните умотворби покажуваат поширок полиња на истражување, а не само фолклористички и, иако како второстепен извор, имаат големо значење за изучување на нашата културна историја, ќе се осмелиме при разоткривањето на култот на овој светител да тргнеме од податоците за неговиот живот, зачувани во преданието, како и во неговата официјална хагиологија.

Според запишаното предание, св. Андонија бил родум од Тиквешко. Кога му дошло времето „да се покажи на земјава за светија целокупен", ангел Божји му рекол да

3 Ели Луческа, „Светите мошти во Македонија : Историско-религиозни аспекти", Во *Obraz świętości – świętość w obrazie*, ред. I. Lis-Wielgosz, W. Jozwiak и P. Dziadul, (Poznań : Un. Adam Mickiewicz, 2014), 255-267.

4 Давид Е. Хант, „Промет реликвија : позни римски извештаји," Во *Византијски светитељ*, пр. Сергеј Хекел (Београд : Православни богословски факултет, 2008), 230-244.; Тодор Енчев, „Ние сме видели и докоснали: Прекият контакт с мощите на мъчениците, като важен фактор за формиране на раннохристиянската храмова архитектура," Во *Средновековният човек и неговият свят, Сборник в чест на 70-годишнина на проф. д. и. н. Казимир Попконстантинов* (София : Фабер, 2014), 717-734.

5 Georgia Frank, "The Memory of the Eyes : Pilgrims to Living Saints" in *Christian Late Antiquity* (Los Angeles, London : Berkeley, University of California Press 2000).; Brouria Bitton-Ashkelony, *Encountering the sacred. The Debate on Christian Pilgrimage in Late Antiquity* (Los Angeles, London : Berkeley, 2005).

6 Чарлс Б. Мек Клендон, *Потеклото на средновековната архитектура : градбите во Европа 600-900 година од новата ера* (Скопје : Арс Ламина, 2009), 23.

7 Марко К. Цепенков, „Преданија," Во *Македонски народни умотворби*, книга седма, ред. К. Пенушлиски, бр. 629. (Скопје : Македонска книга, 1972).

„стани од Тиквешко“ и да оди на тоа место каде што ќе го однеси колата со впрегнатите волови. Притоа, М. Цепенков забележува дека голем број на верници слушнале за неговото патување: „чуле солунчаните и други градои што сет околу Бер и сите го опчекуеле за кај нив да му појдит“. Предводен од ангелот Божји, св. Андон пристигнал во градот Бер[8] каде „со голема чес беше го примиле берчаните“ и откако покажал „некоја чудесија, се претставил и се посветил“. Потоа, народното житие раскажува дека „откоа се посветил свети Андонија, напрајле берчани еден убав манастир и го кладоа свети Андона во еден сандѐк, опкоан саде со злато; сандѐкот јет клаен на еден висок астал, во стредето на црквата, демек пред владиков стол, и секој чоек што ќе влези во црквата, прво треба да поминит под сандѐкот од свети Андона, та после ќе појди пред иконите да запали свеќа и да целива, после ќе се врати кај сандѐкот од свети Андона, та ќе му целива десница“.

Освен за споменатите обичајни дејствија поврзани со поклонението пред неговите мошти, М. Цепенков остава и драгоцени податоци поврзани со чудотворната моќ на светителот. Па така, првото чудо коешто св. Андонија го направил е поврзано со гранката, скината од дрво „црница“, користена за терање на воловите. Имено, кога слегол од колата на местото каде што се упокоил, ја закачил гранката во земјата, а од неа „коскоџамити црниче беше се сторило на часот“. Па кога берчаните го виделе тоа големо чудо - како се фатила гранката за земјата и како од неа изникнал лист - „беше станале и на часот беше му се поклониле и за чуден светец беше го примиле“. М. Цепенков потврдува дека црницата како светено/чесно дрво се почитувала и во негово време, па на секој што ќе дојдел во манастирот му се давало по едно „деланче“ за да го чува од секакви болести, а најповеќе им се давало „на померени што сет во умот, да ѝ носат на себеси“.

Всушност, чудотворната моќ на светителот најмногу се поврзува со неговата исцелителска способност да лекува луѓе со нервно-психички растројства, а за тоа М. Цепенков вели дека „на сто, еден улав назад се враќа неоздравен“. Тој нагласува дека во манастирот има многу „одајки и тремои“ послани со плочи на кои, пак, има прицврстено железни алки со кои ги врзуваат болните околу вратот. Така врзани остануваат 40 дена, или три пати по толку, сè додека не оздраваат преку молитвите на свештениците, кои утро и вечер ги изговараат пред светите мошти на св. Андонија.

Од изнесените податоци во народното предание, можеме да заклучиме дека во него е заокружен целиот систем на поврзани елементи кои го дефинираат култот кон одреден светител: патрон, свето место (црква, манастир, гроб), чуда (мошти, дрво), ритуали (црковни, народни практики и верувања) и преданија, со исклучок, на светото време, односно празникот посветен на светителот. Всушност, таму се забележани општите места (loci communes) потребни за изградување на композициската структура (вовед, основен дел, епилог) и тематската содржина (потеклото, божествениот повик, одвраќање од световниот живот, посвета на духовниот живот, чудата поврзани со моштите) на житието на светителот[9]. Оттука, нема да звучи пресилено доколку констатираме дека преданието претставува своевидно „народно житие“ за свети Андонија.

Од друга страна, пак, кога се познати овие елементи воопшто не е тешко да ја

8 Градот Бер се наоѓа во Егејскиот дел на Македонија, и слично на останатите населени места, кои по поделбата на Македонија во 1913 г. влегоа во состав на грчката држава, од страна на грчките власти е преименуван во Верија/Beroia. Тодор Х. Симовски, *Атлас на населените места во Егејска Македонија* (Скопје : Македонска книга, Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, 1997), 10, 104.

9 За создавањето на житијата на светителите види термин „Житије“ Во Ђорђе Трифуновић, *Азбучник српских средњовековних књижевних појмова* (Београд : Вук Караџић, 1974)., со обемната цитирана литература.

одредиме историската вредност на преданието за свети Андонија и да констатираме дека станува збор за патронот-заштитник на градот Бер (Верија) - преподобниот и богоносен отец Антониј Нови Чудотворец, чии свети мошти и ден-денес почиваат во црквата посветена во негова чест.

При одредувањето на историската вредност на преданието, секако, од големо и првенствено значење се постојните археолошки и епиграфски докази, но, исто така, од голема важност е и житијната литература за светителот, под чие влијание е, најверојатно, настанато и самото „народно житие". Во овој контекст потребно е да потенцираме дека изворите за култот кон светителот можат да бидат од различен тип, но, несомнено, најголемо значење за истражувањето има хагиографската и хагиолошката литература, која претставува директно сведоштво за неговата појава и развој[10].

Житието на преподобниот и богоносен отец св. Антониј Нови Чудотворец[11], како и останатите житија настанати по примерот на православно- хагиолошките традиции, не е толку опишување на неговиот живот колку опишување на неговиот пат кон светоста, кон Небесното царство[12]. Хагиографијата нè информира дека тој е роден во градот Бер (Верија) во Македонија, во семејство на благородни и имотни родители, во 14-от век[13]. Уште како млад, поттикнат од љубовта кон Бог, ги напушта овоземските задоволства и се замонашува во манастирот „Св. Јован Крстител" во Переја, кој се определува и како скит на градот Бер[14]. Желбата да се посвети на повозвишен живот го натерала да се повлече во недостапна пештера, во близина на реката Алиакмон (ст.грч. Αλιάκμονας, мак. Бистрица), во која поминал педесет години во пост и молитва. Светителот, во текот на неговото подвижување се хранел само со растенија, а причеста ја примал од еден свештеник, единствениот кој го знаел живеалиштето на преподобниот. Откако им одолеал на сите демонски искушенија и проживеал над деведесет години, св. Антониј се упокоил во неговата пештера. Откривањето на телото на светителот се случило на начин кој ја илустрира неговата светост. Покрај пештерата поминале ловџии и виделе како некоја рака ги повикува. Но, внатре не нашле жив човек, туку моштите на преподобниот и запалена светилка. Откако го известиле епископот на Бер, тој, заедно со свештенството и верниците отишол во пештерата да ги пренесе светите мошти со славопеење. Тогаш настанала кавга помеѓу верниците на Переја и Бер, кому да му припаднат моштите. По долги расправии одлучиле самиот светител тоа да го реши. За таа цел, ги ставиле светите мошти на една кола, впрегнале два вола и ја пуштиле да оди по волјата на светителот. Воловите брзо ја преминале реката и се упатиле кон Бер,

10 Силвия Аризанова, „Култът към светците в България и Византия през XIII-XV век," Во *Времена: Списание за световна история 8*, (2016): 2-6. Пристапено 25 декември 2015. http://istorianasveta.eu/media/Spisanie/joined_document.pdf.

11 Потребно е да одбележиме дека светителот единствено се почитува во месецословот на Грчката православна црква. Житијните податоци ги користевме од Јустин Сп. Поповић, „Преподобни и богоносни отац наш Антоније Нови, Чудотворац". Во *Житија светих за јануар.* (Ваљево : Манастир Св. Ћелије код Ваљева, 1991), 550-551.; Pravoslavie.ru, „Преподобный Антоний Новый, чудотворец." Пристапено 19 август, 2015. http://www.pravoslavie.ru/orthodoxchurches/59071.htm.

12 Виктор Живов, *Светостта. Кратък речник на агиографските термини, Серия Thesaurus slavicus, термин „Агиология."* (София: Славика, 2002).

13 Во фуснота 2 од житието на православната руска црква, св. Антониј Нови „според археолошките истражувања живеел во 12-от век, а не во 14 и 15-от век како што се мислеше порано". Притоа, нема наведено извор за кои археолошки истражувања точно станува збор.

14 Манастирот во тој период бил во полн процвет и во него се прославиле голем број на монаси, меѓу кои св. Григориј Палама, преп. Афанасиј Метеорски, преп. Никанор и преп. Дионисиј Олимписки. Pravoslavie.ru, „Преподобный Антоний Новый, чудотворец." Пристапено 19 август, 2015. http://www.pravoslavie.ru/orthodoxchurches/59071.htm.

во куќата на неговите родители. По ваквата одлука на светителот, моштите биле положени во црквата посветена на света Богородица, но набрзо оваа црква била срушена и подигната нова, именувана со неговото име, а во неа било положено и светото тело, кое станало причина за многубројни чуда. Планината на која се наоѓала светителската пештера, набрзо станала престојувалиште на аскети, така што ја нарекле„ Скит на св. Антониј Нови“.

Кон овие житијни податоци треба да додадеме дека, според истражувањата на Ј. Санидопулос (J. Sanidopoulos), црквата на 4 февруари 1898 г. изгорела од пламенот на свеќа[15], така што денешниот лик го добила на 12 септември 1904 г., кога била осветена од Константин Исаакидис, митрополитот на Бер. Во дворот на црквата, пак, заградена со кована ограда, се наоѓа црница која и ден-денес се почитува како свето дрво. Во деновите на неговото чествување – 1 август и 17 јануари, секоја година се собираат мноштво верници, а благодатниот дар на неговите мошти не престанува да чудодејствува[16].

Кои карактеристики ги пронаоѓаме во двете верзии на житието, т. н. народна и официјалната, на преподобен Антониј Нови Чудотворец?

Прва и основна е дека светителот е лице кое се одвојува од општествената заедница и се упатува на патот кој ќе го приближи кон Бога, со поддршка на неговото семејство. Тој го напушта градот во кој е роден и заминува во природна пештера, отфрлајќи ги сите обележја на цивилизацијата. Неговиот аскетски живот претставува постојана борба со демоните кои може да ги слушне и да ги види во разни облици. Но, најзначајната манифестација на светост е неговата исцелителска моќ, која се јавува преку молитвите и поклонението пред неговите посмртни остатоци. Поради чудотворното пронаоѓање на неговите мошти, како и нивната зачуваност, светителот добива мноштво на поклоници кои со „очите на верата“ ја доживуваат светителската присутна реалност до денешно време. За тоа, меѓу другото, говори и сликовитиот опис во житијата каде се опишани реакциите на верниците во Переја и Бер кога дознаваат за моштите на светителот, но и многубројните чуда кои се случуваат со нив. Тие се и причината светителот да стане патрон-заштитник на градот Бер.

Поткрепено од изворите, црковниот објект и житијната литература можеме со сигурност да го констатираме претходно изнесеното мислење дека светителот Андон или Андонија, за кој говори М. Цепенков во народното предание, е преподобниот и богоносен отец Антониј Нови Чудотворец, чии свети мошти почиваат во црквата, посветена на него, во неговиот роден град Бер.

Точно, култот кон моштите на светителот говори за живата, изворна, историска свест на христијанското население: во посмртните остатоци од светителското тело, во кое преподобниот го поминал својот пат на просветувањето, присутен е самиот тој или барем нешто од снагата на Светиот Дух, кој го исполнил. Оттука, произлегуваат и редицата на религиски практики – и народни и црковни, за кои детално нè известува Марко Цепепнков. Притоа, физичкиот контакт претставува важен елемент од целосниот култ и има значајни функции за богоугодното и молитвено однесување на верникот - христијанин. Овој контакт кој, во основа, е многу сличен со почитувањето на иконите, се должи најмногу на нивната чудотворна моќ[17]. Сведоштво за тоа се силните впечатоци кои ги илустрира М. Цепенков при

15 Авторот не ни дава поконкретни податоци околу настанатиот пожар, во смисла на неговата големина, што станало со моштите на преподобниот и сл.

16 Johnsanidopoulos.com (Mystagogy, The weblog Of John Sanidopoulos), “Saint Antony the New, Wondreworker of Beroia.” Пристапено 20 август 2015, http://www.johnsanidopoulos.com/2010/01/saint-anthony-new-wonderworker-of.html.

17 Елка Бакалова, „В търсене на чудото: поклонничество при чудотворни икони : Исторически аспекти и съвремени практики.“ Во

актот на поклонението и при описот на чудотворните исцеленија. Тие го демонстрираат не само визуелниот ефект при погледот и допирот со светителските мошти туку, уште повеќе, вербата за чудотворната помош која доаѓа од нив.

И на крајот, многу значаен е и фактот дека овој светител, како што кажува и преданието и житијната литература, потекнувал, се подвижувал и се упокоил во јужните краеви на Македонија[18]. Тоа е мотив повеќе, изнесените ставови во овој труд да претставуваат адекватен почеток за понатамошни теренски истражувања, анализи и студии од страна на македонската наука. Неговата афирмација ќе треба да придонесе МПЦ-ОА да го приклучи во редот на почитуваните светители во македонскиот православен календар, како што е тоа случајот со останатите локални светители св. Злата Мегленска, св. Ѓорѓија Кратовски, св. Ѓорѓија Јанински, св. Агатангел Битолски, св. Нектариј Битолски и.т.н.

Любен Прашков – реставратор и изкуствовед (София, 2006), 41-42.

18 Народната традиција го „пренесува“ неговото родно место од Бер во Тиквеш.

SUMMARY

TRACING THE LEGEND "MONASTERY ST. ANTHONIUS IN CITY OF BER (VERIA)" RECORDED BY MARKO K. CEPENKOV. FOLKLORE-HAGIOLOGICA PARALLELS.

Eli LUCHESKA

Starting from the folk legend "Monastire St. Andonia in the City of Ber (Veria)", written by Marko K. Cepenkov, and proceeding through archaeological and epigraphic evidence, especially from hagiographic literature, we reveal the character of Saint Anthony the New, Wonderworker of Veria who was born, lived and died in the southern region of ethnic Macedonia. Hagiographical data stored in "popular biography" testifies not only to great respect for the saint, but for a cult that grew up in and around Veria. This data includes helpful historical information about the saint himself, and about the history of the saint's celebration. Such popular biography shows how ordinary Christian people regarded the saint and what they expected of the saint, especially through transcendental contact with his sacred relics.

These attitudes represent the beginning for further studies, analyses and studies by Macedonian science in this field. Its affirmation should contribute to the Macedonian Orthodox Church including St. Anthony in the ranks of the respected saints in the Macedonian Orthodox calendar, as is the case with other local saints such as St. Zlata Meglenska, St. George of Kratovo St. George Janinski, St. Agatangel Bitolski, and St. Nektarij Bitolski.